18 -06- 2024
27 - 7643/1

ГРАД СКОПЈЕ

ПРЕДЛАГАЧИ:
Членови на Совет на Град Скопје од Граѓанска иницијатива ЗЕЛЕН ХУМАН ГРАД,
Драгана Велковска и Горјан Јовановски

ДО:
Претседател на Совет на Град Скопје,
Трајко Славески

# ИНИЦИЈАТИВА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА КВАЛИТЕТОТ НА ВОЗДУХОТ ВО СКОПЈЕ ПРОИЗЛЕЗЕНИ ОД ГРАЃАНСКОТО КЛИМАТСКО СОБРАНИЕ НА СКОПЈЕ

Скопје, јуни 2024 г.

Врз основа на член 43 став (5) од Законот за локалната самоуправа, член 40 став (1) алинеја 3, член 59 став (1) алинеја 3 и член 115 став (2) од Деловникот на Советот на Град Скопје, членовите на Советот Драгана Велковска и Горјан Јовановски – претставници на Граѓанската иницијатива ЗЕЛЕН ХУМАН ГРАД, ја поднесуваат следната

# ИНИЦИЈАТИВА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА КВАЛИТЕТОТ НА ВОЗДУХОТ ВО СКОПЈЕ ПРОИЗЛЕЗЕНИ ОД ГРАЃАНСКОТО КЛИМАТСКО СОБРАНИЕ НА СКОПЈЕ

## ЈАВНО ЗДРАВЈЕ

### Препорака 1

**Имплементирање на систематична, интензивна и редовна хигиена на улиците.**

**Цел:** Намалување на загадувачките супстанции на јавните површини преку спроведување на дефинираната динамика за чистење на јавните површини утврдена во програмата за јавна чистота, и следствено, намалување на нивните негативни влијанија на човековото здравје и животната средина.

**Мерка за успех:** Реализирање и атхерентност на Програмата за одржување на јавна чистота на подрачјето на Град Скопје.

**Рок:** За една година.

**Трошок:** ЈП Водовод и канализација Скопје може да ги обезбеди потребните податоци за трошоците, според тоа колку цистерни за вода е потребно, гориво за цистерните, количина на вода за миење на улиците и работни часови на вработените за таа намена, ако не се веќе пресметани во редовното работно време и работни обврски.

### Препорака 2

Зголемување на површината на распространување на урбано зеленило (парк-шуми, паркови, зелени плоштади, дрвореди, зелени коридори и заштитно зеленило) на ниво на Град Скопје, во согласност со климатските и географските карактеристики на градот и специфичните потреби (населено место и алергени) на граѓаните, како и одржување на постоечкото урбано зеленило.

**Цел:** Подобрување на квалитетот на живот на населението и ревитализација на природата.

**Мерки за успех:** Исполнување на целите наведени во законската регулатива за урбано зеленило, како што е наведено во соодветните закони и прописи. Ова вклучува развивање

на Опширен план за планирање, проектирање, подигање, одржување, заштита и реконструкција на зеленилото на подрачјето на општината или на градот Скопје за период од три до пет години и Годишна оперативна програма за подигање и одржување на зеленилото на подрачјето на општината или на градот Скопје; дополнително се стреми кон 25 $m^2$ зеленило по жител, 20% на зеленило на градежна парцела и зголемување на урбаното зеленило за 10%.

**Заедно со:** Општини под Град Скопје и Собрание на Република Северна Македонија. По потреба и со поддршка на ЈП „Македонски шуми".

**Рок:** За една година.

**Трошок:** Според Зелениот катастар на град Скопје, на територија на Скопје има околу 100000 дрвја и грмушки. Зголемување на бројот на урбаното зеленило за 10%, доколку се земе предвид ценовникот на ЈП „Македонски шуми" од 2018 година за декоративен саден материјал (просечна цена по садница е 300 денари), за 10.000 садници цената ќе изнесува 3.000.000 денари (48.780 евра). За зелените фасади кои овозможуваат добра термо, хидро и акустична изолација според податоците со кои располагаме изнесува 70 евра по метар квадратен.

## Препорака 3

Подобрување на постоечката велосипедска инфраструктура (одржување на услови за возење, отстранување на физички препреки, приспособување за лица со попреченост) и проширување на истата (креирање на нови патеки соодветно поврзани со целосната сообраќајна мрежа, поставување на вело-ескалатори во ридестите подрачја, поставување на практични, безбедни и хортикултурно уредени вело-паркинзи), при што, се обрнува особено внимание на квалитетот на подлогите и потенцијалните физички препреки.

**Цел:** Намалување на загадувањето на животната средина, зголемување на физичката активност и подобрување на здравствената благосостојба на населението.

**Мерка за успех:** а) подобрување и проширување на велосипедската мрежа за најмалку 10% и б) обезбедени велосипедски патеки при реконструкција, проектирање и изведба на секоја улица.

**Заедно со:** Општини под Град Скопје. По потреба и со поддршка на Министерство за транспорт и врски.

**Рок:** За една година.

**Трошок:** Според податоците на Град Скопје, во 2019 година, вкупната должина на велосипедска мрежа изнесувала 100+ км. Додека, според Акционен план за зелен Град Скопје 2020, оперативните трошоци се пресметуваат по 50-150 € по метар велосипедска патека, што не е одвоена. Имено, доколку земеме 100 € да е еден метар за 10 процентно

проширување и подобрување би биле потребни околу 960.000 денари или 15.609 € за една година.

## Препорака 4

Изградба на пречистителна станица за комунални отпадни води во Град Скопје.

**Цел:** Пречистување на отпадните води од Град Скопје со цел да се намали загадувањето на реката Вардар, а со тоа, поздрава животна средина за сите живи видови.

**Мерка за успех:** а) изградба на пречистителната станица и б) категоризација на водата на Вардар од III-V класа во I-II класа според Уредбата за класификација на водите (Службен весник на РМ, бр. 18 од 31.03.1999 година).

**Заедно со:** МЖСПП, Министерство за финансии и ЈП „Водовод и канализација Скопје"

**Рок:** До 2026 година.

**Трошок:** 200 милиони евра, од кои 68 милиони се обезбедени преку грант.

# ЕНЕРГИЈА

## Препорака 5

Да се поставаат мерни инструменти за 24 часовен автоматски, јавно достапен мониторинг систем врз сите емисиони точки во воздухот на субјектите кои поседуваат А или Б интегрирани еколошки дозволи (ИЕД). Овој систем да е во согласност со параметрите и точките на емисија утврдени во издадените ИЕД, и автоматски јавно да издава податоци за констатираните пречекорувања, односно автоматски и автономно да издава ограничување и/или забрана за работа на инсталацијата при секое пречекорување на дозволените гранични вредности на емисии во воздухот во согласност со законите.

**Мерка за успех:** 1) 100% покриеност прво на сите А интегрирани еколошки дозволи, проследено со Б интегрирани еколошки дозволи. 2) Подобрена законска регулатива за спроведување на принципот „Загадувачот плаќа" и санкционирање на субјектите кои поседуваат А или Б интегрирана еколошка дозвола и имаат пречекорување на дозволените граничните вредности на емисии во амбиентниот воздух.

**Заедно со:** Државен инспекторат за животна средина, локални инспекциски служби, локална самоуправа

**Рок:** 12 месеци за А интегрирани еколошки дозволи, 5 години за Б интегрирани еколошки дозволи.й

**Трошок:** 1) 20.000 ЕУР за софтверското решение, 2) Дополнителна пресметка на дополнителни трошоци за идентификување и вклучување на сите погони со Б Интегрирани дозволи во автоматскиот систем за мониторинг на воздухот.

## Препорака 6

Да се зголеми бројот на контејнери наменети за селекција на отпад (пластика, хартија, стакло, органски отпад) да бидат присутни на максимално 250 метри радиус од станбен објект.

**Мерка за успех**: 80% покривање на Градот Скопје и единиците на локалната самоуправа според наведените препораки

**Заедно со:** Локалната самоуправа

**Рок**: 4 години

## Препорака 7

1) Да се усовршат постоечките планови за целосно покривање на сите јавни објекти со енергетско ефикасни фасади и замена на системите за греење кои користат мазут и нафта.
2) Да се имплементира планот согласно годишните рокови.
3) Да се поставaат фотоволтаични системи за електричната потрошувачка на јавните објекти кои имаат услови за тоа.

**Мерка за успех**: Целосно покривање на јавните објекти со енергетско ефикасни фасади во рок од 5 години, и фотоволтаици во рок од 6 години

**Заедно со:** Влада, локална самоуправа

**Рок**: 1) 3 месеци, 2) 5 години (по 20% од јавните објекти годишно), 3) Паралелно со претходниот рок, со 1 година изедначување

**Трошок**: ЕУ Фондови

## Препорака 8

Поставување на систем од соларни панели за уличното осветлување за искористување на сонцето како бесплатен извор на енергија.

**Мерка за успех:** Низа предности како што се ниска содржина на јаглерод, заштита на животната средина, безбедност и доверливост на соларните улични светилки, кој може да

се искористи нашироко во урбаните главни и споредни патишта, заедници, фабрики, туристички атракции, паркинзи и други јавни места.

**Заедно со:** Единиците на локалната самоуправа

**Рок**: Среднорочен, од 1-3 год.

**Трошок**: Буџет на Град Скопје и единиците на локалната самоуправа, ЕУ Фондови.

## Препорака 9

Проширување на мрежата на централниот топловоден систем за греење, овозможување поврзување на домаќинствата од населбите во Скопје кои се греат претежно на дрва преку олеснување на процедурата и контрола врз процесот.

**Мерка за успех**: Намалување на загадувањето преку проширување и целосно искористување на капацитетот на централниот систем за топлинска енергија во Скопје.

**Заедно со:** Влада, Град Скопје, Единиците на локалната самоуправа

**Рок**: Среднорочен, до 2030 год.

**Трошок**: Буџети на Влада, Град Скопје, Министерство за економија, АД ЕСМ, ЕУ фондови.

## Препорака 10

Промена на системот на наплата на парно греење и субвенционирање на мерачи за греење на секое домаќинство (калориметри да се поставаат до крајните потрошувачи).

**Мерка за успех**: Подобрен систем и олеснета наплата на услугата за парно греење, самостојна температурна регулација и индивидуална контрола на трошокот.

**Заедно со:** Министерство за економија, АД ЕСМ

**Рок**: Краткорочен од 1-3 год.

**Трошок**: Буџети на Град Скопје, Министерство за економија, АД ЕСМ, ЕУ фондови.

## Препорака 11

Субвенции за греење, реновирање, санација и реставрација на фасади за подобра термо изолација која ќе спречи губење на енергија и промена на системи за греење врз база на проекти кои се успешно имплементирани во пракса и со позитивни резултати.

**Мерка за успех**: Субвенциите за греење, реновирање, санација и реставрација на фасади се важен чекор кон подобрување на енергетската ефикасност и намалување на енергетската сиромаштија.

**Заедно со:** Министерство за економија

**Рок**: Среднорочен од 1-5 год.

**Трошок**: Буџети на Министерство за економија, Град Скопје.

## ТРАНСПОРТ

### Препорака 12

Интегрирање на постоечката железничка инфраструктура во јавниот транспорт во Скопје во 4 фази: 1): Реконструкција и унапредување на постоечката сообраќајна мрежа во Скопје на железнички и јавен транспорт со нови линии до 2026 година. 2) Реконструкција на постоечките постојки/станици и линии (железнички и автобуски) и нивно меѓусебно поврзување до 2028 година. 3) Пренамена на постоечките превозни средства и набавка на нови до 2030 година. 4) Пуштање на новите линии и мрежи во употреба заедно но новата стратегија за работа (воведување нови интегрирани билети) на јавниот превоз.

**Мерка за успех**: Анализа и мерење на бројот на корисници на приватни возила и јавен сообраќај во 2024 година и во 2030 година. Процентот на граѓани кои го користат јавниот сообраќај и при тоа се задоволни со истиот се очекува да се зголеми за 30%. Интегрираниот билет да биде персонализиран со лични информации на корисниците за полесно следење на сообраќајните потреби и навики на граѓаните.

**Заедно со:** Министерство за транспорт иврски, Македонски железници, ЈСП, Градски паркинг (+ поддршка од локалната власт)

**Рок**: до 2030 година. 1 фаза до 2026 година; 2 фаза до 2028 година; 3 фаза до 2030 година и 4 фаза пуштање во употреба во 2030

**Трошок**: Буџети на Влада, Град Скопје (Јавно сообраќајно претпријатие), Македонски Железници, ЕУ фондови

### Препорака 13

Проширување на мрежа на велосипедски на локално ниво во 2 фази:
1) Користење на веќе постоечките материјали и сознанија (проекти, анализи, програми, Скопје Велоград) со цел осознавање и дефинирање на начинот на кој се планира и изведува вело-инфраструктурата во однос на расположливиот простор, и консултација со

експерти на темата по потреба.. Создавање на унифициран правилник за изведба и планирање на велосипедска и пропратна пешачка инфраструктура. Унифицираниот правилник да биде правен на база на странски правилници со слична тематика (пр. холандскиот) каде јасно се дефинирани условите во зоната која се планира, безбедноста, како и ограденоста и/или поврзаноста со остатокот од сообраќајот. Период за 1 фаза: 1 година.
2) Реконструкција на дел од мрежата и нејзино проширување за најмалку 25% во однос на површината, соодветно на регулациите на унифицираниот правилник. Период за 2 фаза: 4 години.

**Мерка за успех**: Зголемен удел на граѓани кои го одбираат велосипедот или пешачкиот сообраќај како основно средство за мобилност.

**Заедно со:** 17 Општини од Скопски Плански регион, Министерство за транспорт и врски, РСБСП

**Рок**: 5 години.

**Трошок**: Буџети на Влада, Министерство за транспорт и врски, Град Скопје, 17 Општини од Скопски плански регион, ЕУ фондови

## Препорака 14

Контрола на спроведување (почитување) на одлуките од комуналниот ред кои се однесуваат на спроведување на работните активности на ЈКП Комунална хигиена и ЈП Паркови и зеленило вон сообраќајниот шпиц, како и утовар и истовар на стока од јавни/комерцијални товарни возила. Ревидирање на регулативата на градско ниво, односно заострување на казнените мерки и почеста контрола на претпријатијата.

**Мерка за успех**: Успешна ревизија на регулативата, позитивни резултати од контролите на претпријатијата во сообраќајниот шпиц???

**Рок**: 6 месеци

## Препорака 15

Коловозната мрежа во централното градско подрачје (Рекорд, ул. Македонија, просторот околу Плоштад Македонија и Ибни Пајко, ул. Васил Главинов, 11 Октомври и околните улички) да биде достапна само за возилата на јавниот транспорт. Маалските улици во населбите само за резидентни возила. Препорака во 2 фази: 1) Анализа на веќе постоечките информативни материјали (проекти, анализи, програми, мапирање на постоечките пешачки патеки) и создавање на нови. Создавање на правилник за изведба и планирање на велосипедска и пешачка инфраструктура. Време за фаза 1: 1 година. 2) Реконструкција на просторот и негово прилагодување според новите потреби. Паралелно со ова се работи и со граѓаните за нивно менување на навиките.
Време за фаза 2: 3 години.

**Заедно со:** Општина Центар, Министерство за транспорт и врски, РСБСП

**Мерка за успех**: Човекомерен простор во центарот на главниот град со зголемен квалитет на живот, мерлив преку анализи за благосостојбата кај граѓаните и променетите навики. Подобрена психо-физичка состојба и зголемена употреба на јавен превоз, пешачки и велосипедски транспорт. Намалени параметри за загадување, метеж и бучава.

**Рок:** 4 години.

**Трошок**: Буџети на Влада, Град Скопје, Општина Центар, ЕУ фондови

**Препорака 16**

Отворање на информативна канцеларија за анализи и комуникација со граѓаните во Град Скопје со информации за:

- Стеснување на коловоз на улици
- Ослободување на простор за велосипедски транспорт, пешаци и зеленило
- Мерки, кампањи и едукација за придобивки од алтернативен начин на транспорт-пешачење, велосипеди, јавен транспорт.
- Организација на настани-Отворени улици (подигнување на свест за квалитет на живот во улици без автомобили)

**Мерка за успех**: Зголемена информираност и крената свест кај граѓаните покажана преку нивните секојдневни избори во сообраќајот.

**Рок**: 3 месеци.

**Трошок**: минимални, и ангажирање на веќе вработени лица од самиот сектор

**Препорака 17**

Повеќе пешачки зони околу образовни објекти во 3 фази: 1) Анализа на просторот околу образовни објекти. Време: 1 година. 2) Промоција на активностите на жителите, партиципација од засегнати страни. Време: 1 година. 3) Реконструкција на просторите. Време: 2 години

**Мерка за успех**: Зголемена безбедност и пешачки навики кај учениците и нивните семејства.

**Заедно со:** МВР, Општини во Скопје

**Рок**: 4 години.

**Трошок**: Буџети на Општини во Скопје, Министерство за Образовани, Министерство за млади и Спорт, ЕУ Фондови

## Препорака 18

Отстранување на диво поставени елементи (тезги, билборди, паноа за реклами, шанкови, тераси) од пешачките и велосипедските патеки.

- Анализа на просторот покрај булеварите и маалските улици. Време: 1 година.
- Носење на закон и одлука на ниво на општински совет(и). Време: 1 година
- Активност: Промоција, казнување, ослободување на простор. Време: 1 година

**Мерка за успех**: Зголемена фрекфенција на пешачкиот и велосипедскиот сообраќај, зголемена инклузивност, намален сообраќаен метеж, зголемени демократски вредности на јавен простор, промена на граѓанските навики.

**Заедно со:** МВР, Општини во Скопје

**Рок**: 3 години

## Препорака 19

Градот да го реактивира проектот за изнајмување на велосипеди.

- Анализа на локации и број на велосипеди. Време: 6 месеци;
- Создавање на постојки и набавка на велосипеди. Време: 6 месеци;
- Промоција и старт на проектот 3 месеци.

**Мерка за успех**: Зголемен велосипедски сообраќај.

**Рок**: 1 година и 3 месеци.

**Трошок**: Буџет на Град Скопје

Врз основа на изнесеното предлагаме Советот на Град Скопје да ја усвои ова Иницијатива и да го донесе следниот

З а к л у ч о к

1. Се усвојува Иницијативата за преземање мерки за заштита на квалитетот на воздухот во Скопје произлезени од граѓанското климатско собрание на Скопје.
2. Се задолжува градоначалникот на Град Скопје во соработка со надлежните служби на следната седница на Советот да достави предлог-одлука/и со која/кои ќе се уреди имплементација на горенаведените точки.

О б р а з л о ж е н и е

Во историска иницијатива, 65 случајно одбрани скопјани заседаваа на шест интензивни седници во рамки на Климатското собрание на Скопје. Оваа разновидна група на поединци го посвети своето време и експертиза во адресирање на актуелното прашање со загадувањето на воздухот во нашиот град. Во текот на собранието, учесниците имаа можност да учат и соработуваат со широк спектар на експерти, истражувајќи ја комплексноста на загадувањето на воздухот и неговите повеќеаспектни влијанија врз нашата заедница.

Преку опсежни размислувања и промислен дискурс, граѓаните изработија прецизен сет препораки насочени кон намалување на стапките на загаденоста на воздухот во Скопје. Овие препораки потоа беа подложени на ригорозен процес на гласање, каде што само оние кои собраа двотретинско мнозинство гласови од граѓаните-учесници се сметаа за легитимни. Оваа иницијатива е кулминација на заедничкиот напор, претставувајќи ги конечните препораки кои ги одразуваат колективното знаење и решителноста на граѓаните на Скопје да донесат позитивни промени за здравјето и благосостојбата на нашиот град.

Зелен Хуман Град, како поборник за директна демократија, целосно поддржува вакви форми на граѓанско учество во процесите на одлучување и преку оваа иницијатива ги пренесуваме нивните заклучоци. На ниеден од собирите не се појави претставник од Град Скопје, па ние преку оваа иницијатива ги доставуваме до администрацијата и советниците сите препораки кои беа адресирани до Град Скопје.

Препораки ќе бидат испратени и до општините во Скопје, како и до засегнатите државни институции, но Град Скопје мора да биде лидер во оваа област и да ја организира соработката со сите засегнати страни за конечно решавање на проблемот.

Граѓанско Собрание за борба против аерозагадување е проект на ЗИП Институт организиран во партнерство со Nexus, финансиран од Градот Скопје, Совет на Европа, Европска фондација за клима, RealDeal, Хоризонт 2020 на Европската Унија според договорот за грант бр. 101037071 и Германската Сојузна Фондација за животна средина.

Скопје, мај 2024 г.

Членови на Советот на Град Скопје
1. Драгана Велковска

2. Горјан Јовановски